Република Северна Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на градот Скопје
Кузман Јосифовски Питу 15

ОДУ број 149/2020

ИЗВОД

4 март 2020 година ---------------------------------------------------------------------
Четвртти ден, месец март, две илјади и дваесета година -------------------------
Во Скопје, во 12 (дванаесет ) часот, 0 (нула) минути.------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул.Кузман Јосифовски Питу број 15 во Скопје, денес, на 4 март 2020 година (Четвртти ден, месец март, две илјади и дваесета година ), на покана од СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во седиштето на Банката на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, со почеток во 12 (дванаесет) часот и 15 (петнаесет) минути, при што, согласно одредбите од Законот за нотаријатот, и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот ------------------------------------------
-------------------------------------------------------------------------------------------------------

## ЗАПИСНИК ОД СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ
## на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје

-------------------------------------------------------------------------------------------------------

Од страна на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје на мое барање ми беше предочена следната документација: ---------------------------------------------

1. Тековна состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Македонија Регионална регистрациона канцеларија Скопје, од која утврдив дека СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. 11 Октомври број 7 во Скопје, е запишна во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија, со ЕМБС 4065549; ------------------------------------------------------------------
2. Акционерската книга на СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје, со состојба на ден 02.03.2020 година, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 17.460.180 и вкупен број на гласови 17.460.180, како и акционерите на Друштвото, со вкупен број на приоритетни акции 227.444, без право на гласови. -----------------
3. Список на присутни акционери сопственици на обични акции или нивни претставници, и акционери сопственици на приоритетни акции или нивни претставници, со број на акции односно гласови. Од наведениот список, по неговата верификација, се утврди дека на седницата на

собранието се присутни акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни застапници или полномошници, со вкупно 16.531.280 гласа, што претставува 94,68% од вкупниот број на обични акции со право на глас, како и акционери на Банката кои се сопственици на приоритетни акции, со вкупно 2.253 приоритетни акции односно 0,99 % од вкупниот број приоритетни акции. ----------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска која претседавала со претходната седница на Собранието, и откако ги поздрави присутните акционери и ја отвори седницата, ги информира присутните акционери и нивни полномошници дека преводот на денешната седница ќе биде извршен од страна на овластен судски преведувач од англиски на македонски јазик и обратно од страна на г-ѓа Ана Василева, која ќе врши превод на обраќањата на оние говорници кои ќе зборуваат на странски јазик. Исто така, при регистрацијата на акционерите и за денешната седница на собранието на акционери, сите акционери и полномошници на акционери имаат добиено картончиња за гласање со бројот на акции кои ги поседуваат или претставуваат и кои ќе бидат употребени при гласањето. Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска ги замоли акционерите и нивните застапници или полномошници при гласањето да ги подигаат картончињата за гласање заради транспарентно броење и објавување на гласовите. Потоа ја покани г-ѓа Соња Николовска да продолжи со формалниот дел од отворањето на седницата. -------------------------------------

Г-ѓа Соња Николовска предложи за претседавач на седницата на Собранието повторно да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, и за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Русевска Твртковиќ, акционер имател на приоритетни акции. ------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што друг предлог не беше доставен, се стави на гласање предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Русевска Твртковиќ, акционер имател на приоритетни акции, и за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје. Акционерите, односно нивните застапници и полномошници гласаа јавно, со кревање на рака. За предлогот за претседавач на седницата на Собранието да биде избрана г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, акционер на Банката, за бројач на гласови да биде избрана г-ѓа Вики Русевска Твртковиќ, акционер имател на приоритетни акции, и за записничар да биде избрана г-ѓа Зорица Пулејкова, нотар од Скопје, акционерите односно нивните застапници и полномошници се изјаснија со **16.531.280 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ.** ------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Г-ѓа Наташа Трпеноска - Тренчевска, чиј што идентитет го утврдив преку увид во нејзината лична карта издадена од МВР Скопје на 11.07.2016 година, откако се заблагодари на довербата, констатира дека на денешната седница на Собранието се поканети сите акционери на Банката

преку јавниот повик објавен во дневниот весник Вечер на 01.02.2020 година, и ги информира присутните дека при гласањето акционерите треба да гласат со подигање на раката, односно картончињата, а доколку акционерот не гласа со подигање на рака ЗА или ПРОТИВ, неговиот глас ќе се смета како да гласал ВОЗДРЖАН. Понатаму ги информира акционерите дека преку увидот во Списокот на присутни и претставени акционери на собранието утврдила дека на седницата се присутни акционери на Банката кои се сопственици на обични акции и нивни претставници, со вкупно 16.531.280 гласа, што претставува 94,68% од вкупниот број на обични акции со право на глас, и 2.253 приоритетни акции односно 0,99% од вкупниот број приоритетни акции, така што постои кворум за работа на Собранието и за донесување на полноважни одлуки според предложениот Дневен ред. -------------------------------------------

Претседавачот ги информираше акционерите дека во законски предвидениот рок до Надзорниот одбор не биле доставени барања за вклучување на нови точки на дневниот ред, после што ги покани присутните акционери и нивни претставници да земат збор по предложениот дневен ред. -----------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, Претседавачот го стави на гласање предложениот -----------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------

Дневен ред

--------------------------------------------------------------------------------------------

1. Избор на претседавач, нотар и бројач на гласови; ---------------------------
2. Разгледување на Записникот од 46-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје одржана на 19 ноември 2019 година;-----------------------------------------------------------------------------
3. Донесување на Одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје; ------------------------------------------------------------------------------
4. Утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанска банка АД Скопје; ------------------------------------------------------------------------------
5. Донесување на Одлука за именување на нов член на Надзорен одбор;---
6. Донесување на Одлука за повторно именување на член на Надзорен одбор; ------------------------------------------------------------------------------
7. Донесување на Одлука за повторно именување на член на Надзорен одбор; ------------------------------------------------------------------------------
8. Донесување на Одлука за повторно именување на независен член на Надзорен одбор; ----------------------------------------------------------------
9. Донесување на Одлука за повторно именување на независен член на Надзорен одбор. ----------------------------------------------------------------
   -------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложениот Дневен ред акционерите односно нивните претставници се изјаснија со **16.531.280 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ.** --------------------------------------------------------------------

**Претседавачот констатира дека предложениот Дневен ред е усвоен со потребното мнозинство на гласови.**-----------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што првата точка беше исцрпена, се премина на втората точка од Дневниот ред- Разгледување на Записникот од 46-та седница на Собранието на акционери на Стопанска Банка АД Скопје. Претседавачот констатира дека Записникот бил изготвен, потпишан и достапен на увид на акционерите во согласност со член 407 од Законот за трговските друштва, после што отвори расправа по истиот, појаснувајќи дека акционерите по оваа точка не носат одлука. ---------------------------------------
За збор се јави акционер В.Т., имател на приоритетни акции, кој наведе дека во состав на Записникот од 46-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје на интернет станата на Банката е објавен Извештај на прашања и одговори и резултатите од гласањето од 46-тата седница, при што сака да укаже на одговорот на поставено прашање од акционери кој е даден од Банката. Укажувањето се однесува на поставеното прашање од акционер забележано под број 5, кое гласи: „Зошто во предлог одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје (кој се однесува на правата на акциите на СБ) приоритетните акции се дефинирани само како кумулативни приоритетни акции?". За одговорот кој е даден од страна на Банка на цитираното прашање акционерот наведе дека истиот не се базира на законска регулатива од причини наведени во укажувањето кое го прочита и образложи во целост и кое укажување побара да биде составен дел од записникот од седницата на Собранието на акционери. Ационерот В.Т., откако го прочита на глас Укажувањето на одговор на поставено акционерско прашање 46-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје, истото го предаде во писмена форма на нотарот заради приложување кон записникот од седницата на Собранието на акционери, и истото- со текст идентичен на прочитаниот на денешната седница на Собранието на акционери од страна на акционерот В.Т,. **претставува составен дел на овој записник, означен како Прилог А.** -----------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот констатира дека Собранието го разгледа Записникот од 46-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД Скопје. ---------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот предложи третата точка од Дневниот ред-Донесување на Одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, и четвртата точка - Утврдување на пречистен текст на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, да бидат разгледани заедно, при што појасни дека измената на Статутот е направена пред се поради организациски промени во рамките на

Банката, со цел понатамошно подобрување и зајакнување на корпоративното управување. Предложените измени се рефлектираат во составот на кредитните одбори, каде соодветно се воведува позицијата Сениор директор за управување со кредитен ризик. Покрај тоа, истата промена се рефлектира и во одредбите што го регулираат Извршниот одбор, Одборот за управување со ризици и одредбите во врска со лицата со посебни права и одговорности. --------------------
Претседавачот отвори расправа по точките. ----------------------------------------
За збор се јави акционер В.Т., имател на приоритетни акции, кој наведе дека во образложението на Одлуката за измена на Статутот стои дека Статутот на Банката е донесен во јуни 2001 година и оттогаш е повеќе пати менуван во законски предвидена постапка и одобрен од Гувернерот на НБ на РСМ. Постави прашање зошто Банката се повикува на Статутот од 2001 година кога тој не е во сила, при што даде како пример Одлука за измени на Статутот од 2013 година во која се наведува дека со влегување во сила на измените направени со таа одлука престанува да важи Статутот од 2012 година. Ако се прави повикување на Статут од 2001 година како темелен Статут, треба да се има предвид дека Статутот на Банката како АД е од 1990 година, и дека Банката не започнала да егзистира од 2001 година. Понатаму наведе дека се обратил до Банката да ги прибави актите од деведесетите години и дека добил известување дека Банката не располага со акти кои датираат пред 2000 година. Наведе дека согласно член 319 од ЗТД, Статутот е акт од траен карактер и истиот требало да се чува, и според Законот за банки од 1989 година е предвидено дека основачите имаат право на добивката сразмерно, со што акцијата е определена како партиципативна. Наведе дека за ова ќе биде иницирана постапка надвор од Банката зошто Банката не ги чува актите од деведесетите години. -----------------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој друг не се јави за дискусија, Претседавачот ги стави на гласање Одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, и Пречистен текст на Статутот на Стопанска банка АД Скопје. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, и Пречистен текст на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, акционерите односно нивните претставници се изјаснија со **16.524.791 гласа-ЗА, 6.489 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ.** -------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребно мнозинство на гласови ја усвои Одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, и Пречистениот текст на Статутот на Стопанска банка АД Скопје, и истата претставува **Прилог Б кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот.** --------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа се премина на петата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за именување на нов член на Надзорен одбор. ---------------------------
Претседавачот ги информираше акционерите дека до Собранието на акционери е доставена оставка во писмена форма на членот на Надзорниот одбор г-дин

Димитриос Христопулос. Соодветно потписот на членот на Надзорниот одбор на известувањето за оставката е нотарски заверен. Со ова и записнички Собранието на акционери ја констатира неговата оставка. Со оглед на фактот што со оставката на членот на Надзорниот одбор г-дин Димитриос Христопулос се испразнува едно место во Надзорниот одбор на Банката, се предлага да се именува г-дин Христос Христодулу како нов член на Надзорниот одбор. Во согласност со точка 22 од одлуката Народна банка на Република Северна Македонија за правилата за добро корпоративно управување во банка, Надзорниот одбор е должен да го извести Собранието на акционери за резултатите од извршената оцена на соодветноста на кандидатот за член на Надзорниот одбор, во оваа насока претседавачот ги извести акционерите дека позитивна оцена на соодветноста на кандидатот Г-дин Христос Христодулу е дадена од страна на Надзорниот одбор на првата седница одржана на 30.01.2020 година. Г-дин Христодулу е Генерален извршен директор за финансии и член на Извршниот одбор на Групацијата на Националната Банка на Грција. Имајќи го во предвид неговото образование, искуство и експертиза се очекува учеството на г-дин Христодулу да го поддржи работењето на Надзорниот одбор на банката. Во согласност со Статутот на банката, мандатот на члeновите на Надзорниот одбор е утврден на 4 (четири) години. Претседавачот појасни дека во согласност со Законот за Банки, предложеното именување ќе влезе во сила од моментот на добивањето на релевантната согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија. -----------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка. -------------------------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за именување на г-дин Христос Христодолу за нов член на Надзорен одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука акционерите односно нивните претставници се изјаснија со **16.531.280 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ.** ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за именување на г-дин Христос Христодолу за нов член на Надзорен одбор, и истата претставува **Прилог В кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот.** ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на шестата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за повторно именување на член на Надзорен одбор. ----------------------------------

Претседавачот појасни дека со оваа Одлука се предлага Собранието на акционери повторно да го именува г-дин Анастасиос Лизос за член на Надзорниот одбор. Г-дин Лизос бил првично именуван како член на Надзорниот одбор во мај 2005 година и неговиот сегашен мандат истекува во мај 2020 година. Г-дин Лизос е назначен на позицијата Директор на Сектор во Меѓународни активности при Националната Банка на Грција. Имајќи го предвид неговото искуство како член на Надзорниот одбор и Одборот за ревизија во Стопанска банка, неговото продлабочено знаење за работењето и корпоративната култура на Банката, како и неговото долгогодишно искуство во областа на ревизијата, се предлага г-дин Лизос повторно да се именува за член

на Надзорниот одбор со уште еден мандат. Претседавачот ги информираше акционерите дека Надзорниот одбор на седница одржана на 30.01.2020 година има дадено позитивна оцена на соодветноста на постојниот член на Назорниот одбор г-дин Анастасиос Лизос за негово повторно именување за член на Надзорниот одбор. Во согласност со Законот за Банки, предложеното именување ќе влезе во сила од моментот на добивањето на релевантната согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија.-
------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ----------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за повторно именување на г-дин Анастасиос Лизос за член на Надзорен одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука акционерите односно нивните претставници се изјаснија со **16.531.280 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ.** ---------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за повторно именување на г-дин Анастасиос Лизос за член на Надзорен одбор, и истата претставува **Прилог Г кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот.** ---------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на седмата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за повторно именување на член на Надзорен одбор. -----------------------------------
Претседавачот ги информираше акционерите дека со оваа Одлука се предлага Собранието на акционери повторно да го именува г-дин Јанис Кајулис, со втор мандат за член на Надзорниот одбор. Г-дин Кајулис првично бил именуван како член на Надзорниот одбор во февруари 2016 година и неговиот сегашен мандат истекува во април 2020 година. Г-дин Кајулис е назначен на позиција Раководител на Меѓународниот Сектор за кредитирање во Националната Банка на Грција. Имајќи го предвид неговото искуство, придонесот во работењето на Надзорниот одбор, особено за прашања поврзани со управувањето со ризици и неговото одлично познавање на целокупното работење на Стопанска банка, се предлага г-дин Кајулис повторно да се именува за член на Надзорниот одбор со уште еден мандат. Претседавачот ги информираше акционерите дека Надзорниот одбор на седница одржана на 30.01.2020 година има дадено позитивна оцена на соодветноста на постојниот член на Надзорниот одбор г-дин Јанис Кајулис за негово повторно именување за член на Надзорниот одбор, со тоа што предложеното именување ќе влезе во сила од моментот на добивањето на релевантната согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија. ------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори расправа по оваа точка. -----------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за повторно именување на г-дин Јанис Кајулис за член на Надзорен одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука акционерите односно нивните претставници се изјаснија со **16.531.280 гласа-ЗА, 0 гласа-**

**ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ.** ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за повторно именување на г-дин Јанис Кајулис за член на Надзорен одбор, и истата претставува **Прилог Д кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот.** ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието продолжи со работа по осмата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за повторно именување на независен член на Надзорен одбор. ------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ги информираше акционерите дека со оваа Одлука се предлага, Собранието на акционери повторно да го именува г-дин Владимир Филиповски со втор мандат како независен член на Надзорниот одбор. Г-дин Филиповски првично бил именуван како член на Надзорниот одбор во февруари 2016 година, а неговиот сегашен мандат истекува во април 2020 година. Г-дин Филиповски е реномиран Професор на Економскиот Факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Земајќи го во предвид неговиот значителен придонес во работењето на Надзорниот одбор се предлага г-дин Филиповски повторно да се именува за независен член на Надзорниот одбор со уште еден мандат. Претседавачот ги информираше акционерите дека Надзорниот одбор на седница одржана на 30.01.2020 година има дадено позитивна оцена на соодветноста на постојниот член на Надзорниот одбор г-дин Владимир Филиповски за негово повторно именување за независен член на Надзорниот одбор и појасни дека секое именување е предмет на одобрување од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија. -----------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка. -----------------------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за повторно именување на г-дин Владимир Филиповски за независен член на Надзорен одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука акционерите односно нивните претставници се изјаснија со **16.531.280 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ.** ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за повторно именување на г-дин Владимир Филиповски за независен член на Надзорен одбор, и истата претставува **Прилог Ѓ кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот.** --------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Се премина на деветата точка од Дневниот ред- Донесување на Одлука за повторно именување на независен член на Надзорен одбор. ---------------------

Претседавачот ги информираше акционерите дека со оваа Одлука се предлага, Собранието на акционери повторно да го именува г-дин Сашо Ќосев со втор мандат како независен член на Надзорниот одбор. Г-дин Ќосев првично бил именуван како член на Надзорниот одбор во февруари 2016 година, а неговиот сегашен мандат истекува во април 2020 година. Г-дин Ќосев е реномиран Професор на Економскиот Факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Земајќи го во предвид неговиот значителен придонес во работењето

на Надзорниот одбор се предлага г-дин Ќосев повторно да се именува за независен член на Надзорниот одбор со уште еден мандат. Претседавачот ги информираше акционерите дека Надзорниот одбор на седница одржана на 30.01.2020 година има дадено позитивна оцена на соодветноста на постојниот член на Надзорниот одбор г-дин Сашо Ќосев за негово повторно именување за независен член на Надзорниот одбор и појасни дека секое именување е предмет на одобрување од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија. ------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ------------------------------------

Со оглед на тоа што никој не се јави за дискусија, Претседавачот ја стави на гласање Одлуката за повторно именување на г-дин Сашо Ќосев за независен член на Надзорен одбор. Акционерите односно нивните претставници гласаа јавно, со кревање на рака. За предложената Одлука акционерите односно нивните претставници се изјаснија со **16.531.280 гласа-ЗА, 0 гласа-ПРОТИВ, и 0 гласа-ВОЗДРЖАНИ.** ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието едногласно ја усвои Одлуката за повторно именување на г-дин Сашо Ќосев за независен член на Надзорен одбор, и истата претставува **Прилог Е кон овој Записник, кој се наоѓа во списите на предметот.** ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, Претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и нивни полномошници за нивното присуство и учество во работењето на Собранието, после што ја затвори седницата во 13 (тринаесет) часот и 50 (педесет) минути. --------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој Записник лично го составив и лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваквата правна работа. Претседавачот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој Записник во целост одговара на дејствијата кои се случувале на седницата на Собранието. ----------------------------------------------------------------------------

Овој записник е составен на девет страни од девет листа. На претседавачот на учесникот му е издаден еден извод, како и по еден извод за Стопанска Банка АД Скопје, Народната Банка на Република Северна Македонија, и Централниот регистар на Република Северна Македонија. Изворникот на записникот се чува во мојата архива. ---------------------------------------------

Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. Награда е пресметана во износ од 10.000,00 денари, согласно член 41 од Нотарската тарифа. ----------------------

Учесник во постапката, Претседавач г-ѓа Наташа Трпеноска-Треневска, с.р.

Нотар Зорица Пулејкова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

Бул. К. Ј. Питу бр 15 лок6 Скопје

(име, презиме [illegible] - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Овој е прв [illegible] извадок, кои [illegible] не [illegible] приложени [illegible] од [illegible] на нотарскиот исправа.

Број: ОДУ 149/20

Во Скопје, 04.03.2020 година

НОТАР

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

за подрачјето на основните судови на градот

НОТАР

ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

СКОПЈЕ

**До:** **Собрание на акционери на Стопанска банка АД - Скопје**

Датум: **04.03.2020**

Предмет: **Укажување на одговор на поставено акционерско прашање на 46-та седница на Собрание на акционери на Стопанска банка АД - Скопје**

Почитувани,

Се обраќам до Собранието за да укажам на одговорот на поставено акционерско прашање што е даден од Стопанска банка АД Скопје (Банка) и кој не се базира на законска регулатива. Извештајот на прашања и одговори како и за резултатите од гласањето на 46-та седница на Собрание на акционери на Стопанска банка АД - Скопје одржана на 19.11.2019 година објавен е на интернет страната на Банката (https://www.stb.com.mk/media/2205/qa-izvestaj-rezultati-od-glasanje-od-46-to-sobranie-na-akc-19-11-2019-f.pdf).

Во согласност со член 391-б од Законот за трговски друштва (ЗТД) на интернет страната на Банката објавено е прашање поставено од акционер забележано под број 5 кое гласи:

> *„Зошто во предлог одлуката за измена на Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (кој се однесува на правата на акциите на СБ) приоритетните акции се дефинирани само како кумулативни приоритетни акции? “*

Банката во одговорот на прашањето, освен што дава објаснување дека правата на приоритетните акции произлегуваат од одлуките за издавање на акции (н.з. што е во согласност со членот 7 од Законот за хартии од вредност (ЗХВ)), се повикува и на член 31 од Законот за хартии од вредност во кој е одредено дека „правата на сопственост од хартиите од вредност настануваат со запишувањето на хартијата од вредност на сметка на сопственикот во депозитарот, се пренесуваат со запишување на хартијата од вредност на сметката на новиот сопственик во депозитарот, ...........“.

Банката погрешно се повикува на членот 31 од ЗХВ кој се однесува на **правото на сопственост од хартиите од вредност** односно како се стекнува, ограничува и пренесува правото од сопственост а **не на правата што произлегуваат од хартиите од вредност**, што се различни видови на право и **затоа се регулирани со различни членови и во различни глави на ЗТД**. Врз основа на погрешно и неосновано изедначување на правото што произлегува од хартијата од вредност и правото на сопственост на таа хартија од вредност, Банката заклучува дека:

| |
|---|
| Во таа смисла, видот односно класата на приоритетните акции, т.е. фактот дека се работи за кумулативни приоритетни акции се утврдува, покрај од одлуките за издавање на акциите, и **од документите издадени од надлежна институција (соодветни изводи издадени од Централен депозитар за хартии од вредност)**, што е впрочем наведено во предложената измена на Статутот. |

што не е во согласност со регулативата за хартии од вредност. Имено, во Член 50 (1) од Законот за хартии од вредност е наведено дека „Издавачот е целосно одговорен за точноста на податоците за хартиите од вредност кои се доставуваат до депозитарот за регистрирање“. Од тоа произлегува дека издадените хартии од вредност се запишани во Централниот депозитар за хартии од вредност (ЦДХВ) врз основа на податоци што ги доставил издавачот на хартиите, Стопанска банка АД СКопје. Од тие причини, неосновано и спротивно на законска регулатива е Банката во официјален одговор на прашање на акционер да тврди дека класата на приоритетни акции е утврдена покрај со одлуките за издавање на акциите и од документите издадени од ЦДХВ.

Банката во одговорот на прашањето дава уште еден аргумент за основаноста на регистрирањето на приоритетните акции како кумулативни приоритетни акции во базата на ЦДХВ во смисла дека уписот на хартиите од вредност е направена врз основа на писмена гаранција од страна на независна ревизорска куќа дека акционерската книга ја покажува реално и вистинито во сите материјални аспекти состојбата на акционерските влогови на Банката на 23.11.2001 година во согласност со важечките прописи.

Банката и со овој „доказ“ дека приоритетните акции се кумулативни приоритетни акции манипулира со примена на погрешна терминологија.

> Имено, со основањето на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје (основан на 10.10.2001 година), приоритетните акции се регистрирани во форма на електронски записи во единствената валидна база на ЦДХВ како кумулативни приоритетни акции, без право на глас. Притоа, регистрирањето на кумулативните приоритетни акции во ЦДХВ е извршено во постапка согласно Правилата за работа на ЦДХВ претходно одобрени од Комисијата за хартии од вредност.
> **При поднесувањето на документацијата за упис на хартиите од вредност, Банката добила писмена гаранција од страна на независна ревизорска куќа дека акционерската книга ја прикажува реално и вистинито во сите материјални аспекти, состојбата на акционерските влогови на Банката на 23.11.2001 година во согласност со важечките прописи.**

Имено, видно од Извештајот на ревизорската куќа Дилоит и Туш од 23.11.2001, таа изразила мислење, а не дала „гаранција“ за реалност и вистинитост на состојбата на акционерските влогови и дополнително **со ревизијата не се опфатени родовите и класите на издадените акции туку само состојбата на акционерските влогови, како и дека информациите содржани во акционерската книга се одговорност на раководството на Банката.** Од тие причини Банката не може да го користи овој аргумент за доказ дека приоритетните акции се кумулативни приоритетни акции:

> **Ние извршивме ревизија на акционерската книга на Стопанска Банка А.Д., Скопје (во понатамошниот текст "Банката") на 23 ноември 2001 година. Акционерската книга и информациите содржани во неа се одговорност на раководството на Банката. Наша одговорност е да дадеме мислење за реалноста и вистинитоста на податоците содржани во акционерската книга врз основа на извршената ревизија.**

> **Според наше мислење, акционерската книга ја прикажува реално и вистинито, во сите материјални аспекти, состојбата на акционерски влогови на Банката на 23 ноември 2001 година во согласност со прописите кои важат во Република Македонија.**

Со оглед на тоа што станува збор за законска обврска (ЗТД) на акционерско друштво да одговори на прашањата поставени од акционер и да ги објави на интернет страната, одговорите треба да бидат објективни, вистинити и да произлегуваат од законската регулатива што се однесува на конкретното прашање, а не да бидат субјективни и да манипулираат со погрешно повикување на членови од закони и на постапување на институции.

Влатко Ташковски

**Прашање бр. 1.** *Што се подразбира под „акционерите" во член 18, став 2 од Предлог-Одлуката за измена на Статутот на СБ (во врска со правата од акциите) која наведува дека „акционерите на СБ имаат право на учество во добивката...".*

**Неусоглсеност на Статутот на СБ зо ЗТД член 278 и член 287 ст. 1 т. 4**

**Акциите од 2-ра емисија на СБ биле издадени во 1991 година** кога не постоел ЗТД (првиот закон е донесен во 1996 година) и акциите се издадени врз основа на ЗХВ (Сл.весник бр.64/89) каде е регулирано правото на учество на добивка во член 13 одредува дека **"Имателот на акција стекнува право на учество во добивката** а зависно од видот на акцијата, може да има и право на учество во управувањето."

Во **Законот за банки и финансиски организации** (Сл.в.10/89) што важел во време на издавање на акциите е регулиран начинот на распоредување на добивката на банките во Член 53 **„Делот на приходите од работењето на банката**, по завршната сметка, што ќе преостане по намирувањето на расходите на банката и издвојувањето на средствата за работната заедница, банката го искажува како **остварена добивка.**

**5. Утврдување на приходите и на добивката на банката**

**Член 52**

**Банката ги утврдува приходите и ја врши нивната распределба во согласност со сојузниот закон.**

**Од остварениот приход банката ги покрива нејзините расходи и обезбедува средства за работната заедница, во согласност со сојузниот закон.**

**Член 53**

**Делот на приходите од работењето на банката, по завршната сметка, што ќе преостане по намирувањето на расходите на банката и издвојувањето на средствата за работната заедница, банката го искажува како остварена добивка.**

**Добивката од став 1 на овој член, врз основа на одлука на собранието на банката, се распоредува на:**

**1) дел за резерви на банката;**

**2) дел што се распоредува на основачите, сразмерно со средствата што се вложени во основачкиот фонд;**

**3) дел што може да се вложува во други фондови на банката.**

**Работната заедница на банката може да учествува во добивката на банката врз основа на одлука на собранието на банката.**

**Добивката** од став 1 на овој член, врз основа на одлука на собранието на банката, **се распоредува на:**
1) дел за резерви на банката;
2) дел што се распоредува на **основачите**, сразмерно со средствата што се вложени **во основачкиот фонд."**

Што претставува "основачки фонд"?

Член 34 точка 2) од Законот за банките и другите финансиски организации (СЛ СФРЈ 10/1989) **што важел при донесување на одлуката за втора емисија**

**Член 34**

**Основачкиот фонд на банката се формира од вложените парични средства на основачите на банката и од вложените парични средства на други лица, во согласност со одлуката за основање на банката или со одлуките на собранието на банката.**

**За вложените средства во основачкиот фонд основачите добиваат соодветни хартии од вредност, во согласност со сојузниот закон и со одлуката за основање на банката.**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ